**20242384151**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36-ѕ, став 5 од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 ноември 2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафтени деривати се отстапуваат без надомест, 250 тони нафта на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за обезбедување на непречено работење на Акционерското друштво.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука паѓаат на товар на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Член 3

Се задолжува Агенцијата за задолжителни нафтени резерви да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11998/2
21 ноември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.